# AMSM | CLASSIC

MEMBER OF

FIA

ARC europe

Show your Card!®

**АМСМ**

# Патувајте **БЕЗГРИЖНО!**



За валидност на бесплатните услуги од овој членски пакет, задолжително се повикува телефонскиот број на контактниот центар.

---

**24/7**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПОМОШ НА ПАТ | **196** | +389 2 3181-196 | од странство |
| СОСТОЈБА НА ПАТИШТА | **(02) 15 555** | +389 2 3181-197 | од странство |
| ИНФО ЛИНИЈА | **(02) 3181 181** | +389 2 3181-181 | од странство |

*сите наведени телефонски броеви важат за повик од фиксен и од мобилен телефон

СОДРЖИНА:

**УСЛУГИ КОИ ГИ ДОБИВАТЕ СО АМСМ „CLASSIC“...... 4**

**УПАТСТВО КАКО ДА ПОСТАПИТЕ ПРИ ДЕФЕКТ НА ВОЗИЛО И ПРИ СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА .............. 5**

**I ОДРЕДБИ ЗА ЧЛЕНСКИ УСЛУГИ ...................... 10**

Бесплатен пренос на возило во случај на дефект ........... 10
Бесплатен пренос на оштетено возило во сообраќајна незгода ..................................... 11
Бесплатен пренос на возило во случај на дефект до 40 км во двете насоки .....................................13
Пренос на возило по повластена цена за членови .......... 14
Бесплатна помош на пат .................................. 14
Извлекување на возило .................................. 15
Покривање на патни трошоци ............................ 16
Дополнителни погодности, попусти и сезонски акции во системот на АМСМ ................................... 17
„Travel Info Set“.............................................. 17
„Show your Card!“............................................ 18
АМСМ „Партнер програма“.................................. 18
АМСМ „Клуб Мобилити“.................................... 18
Можност за купување кампинг - картичка CCI ............... 18

**II ОПШТИ ОДРЕДБИ ........................................ 19**

Член на АМСМ ............................................. 19
Времетраење на членството ............................... 21
Важност на членските пакети .............................. 21
Начин на користење на членските услуги ................... 23
Дефект на возило .......................................... 24
Сообраќајна незгода ....................................... 24
Кражба ..................................................... 25
Виша сила .................................................. 25
Договорен партнер на АМСМ ................................ 25

**СЕМЕЈНО ЧЛЕНСТВО ....................................... 28**

АМСМ-БАЗИ - ПОМОШ НА ПАТ................................ 29

## УСЛУГИ КОИ ГИ ДОБИВАТЕ СО АМСМ „CLASSIC“ ЧЛЕНСКИОТ ПАКЕТ

| Ред. бр. | Вид на услуга во Р. Северна Македонија | Број на интервенции и времетраење |
|---|---|---|
| 1 | Бесплатен пренос на возило во случај на дефект до 200 км во двете насоки, сметано од местото на тргнување на шлеп возилото | Еднаш во период од 12 месеци |
| 2 | Бесплатен пренос на оштетено возило во сообраќајна незгода - неограничено во километри | Еднаш во период од 12 месеци |
| 3 | Бесплатен пренос на возило во случај на дефект до 40 км во двете насоки, сметано од местото на тргнување на шлеп возилото за донесено возило во сервис на АМСМ (Скопје, Велес и Кичево) | 3 (три) интервенции во период од 12 месеци |
| 4 | Пренос на возило по повластена цена за членови | Неограничено |
| 5 | Бесплатна помош на пат - замена на пневматик, стартување на возило заради испразнет акумулатор, отстранување проблеми со брава, отстранување ситен дефект и дотур на гориво | 3 (три) интервенции во период од 12 месеци |
| 6 | Извлекување на возило каде е технички можно | Еднаш во период од 12 месеци |
| 7 | Покривање на патни трошоци до 1000 денари во случај на дефект или на сообраќајна незгода | Еднаш во период од 12 месеци |
| 8 | Дополнителни погодности, попусти и сезонски акции во системот на АМСМ, организирани за членот или за возилото кое гласи на членот | Во зависност од бројот на организирани акции за погодности и попусти. Членот ќе биде информиран преку СМС порака или е-маил. |
| 9 | „Travel Info Set“ (Информативен комплет за патување) | -Една патна карта во период од 12 месеци<br>-План за патување по потреба на членот |
| 10 | „Show your Card!“ (SyC) – интернационална програма за попусти | Неограничено |
| 11 | АМСМ Партнер – национален програма за попусти | Неограничено |
| 12 | Бесплатна достава на списанието „АМСМ Клуб Мобилити“ на контакт адреса | ✓ |
| 13 | Можност за купување кампинг – картичка CCI за попуст во над 1100 кампови во цела Европа. | ✓ |

# УПАТСТВО како да постапите ПРИ ДЕФЕКТ НА ВОЗИЛО и ПРИ СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА

Исправноста на возилото, сервисирањето и одржувањето, како и проверката пред секое подолго патување спаѓаат во основните фактори за да имате безбедно патување.

## КАКО да ги користите услугите на АМСМ за ПОМОШ НА ПАТ на територијата на Р. Северна Македонија

Најчестите дефекти при патување што можат да Ви се случат се дупната гума, откажување на дел од електрониката на возилото, прегорување на светилка, но понекогаш се случува од немарност да останете и без гориво.

### 1. Што да преземете во случај на ДЕФЕКТ на Вашето возило:

• Останете смирени.
• Доколку е возможно отстранете го возилото од коловозната лента доколку сте на автопат и тоа на лентата предвидена за запирање, а доколку се наоѓате на регионален или на магистрален пат, возилото отстранете го на тревната површина.
• Доколку немате услови за отстранување на возилото, тогаш Вие оддалечете се на безбедна далечина од возилото.
• Вклучете четири трепкачи.

• Облечете рефлектирачко елече:
  - Рефлектирачкото елече треба да биде блиску, на дофат на раката.
  - Идеално е ако имате резервен елек за сопатник.

• Поставете го триаголникот за безбедност на растојание од најмалку 30 метри од местото на несреќата.

• Триаголникот треба да биде видлив од далечина од 100 метри.

**196**
+389 2 3181-196
(од странство)




**24/7 Патувајте БЕЗГРИЖНО!**

• Јавете се во АМСМ Контакт центарот на 196 (од фиксен или од мобилен телефон), кој е достапен 24 часа/365 дена во годината.
• Доколку поседувате iOS или Android базиран мобилен телефон, Контакт центарот можете да го повикате само со еден допир преку АМСМ мобилната апликација;
• Задолжително при повикот наведете дека сте АМСМ член, за да ги добиете попустите и погодностите, предвидени за АМСМ членовите;
• Опишете го најдобро што можете настанатиот проблем или ситуација. Наведете ја приближно точната локација каде се наоѓате;
• Во најкус можен рок на бараната локација ќе пристигне АМСМ возило за помош на пат.

• По неговото пристигнување, на увид приложете ги Вашата АМСМ членска картичка и Вашата лична карта.
• Не заборавајте дека услугите за помош на пат како АМСМ Член ги добивате бесплатно на целата територија на Р. Северна Македонија.

## КАКО да ги користите услугите ЗА ШЛЕПУВАЊЕ на територијата на Р. Северна Македонија

## 2. Што да преземете во случај на СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА:

Сообраќајната незгода може да се случи дури и на претпазливи возачи, и, заради тоа, АМСМ сака да Ве извести за неопходната процедура која треба да ја направите во овој случај:

• Останете смирени.
• Вклучете четири трепкачи.
• Доколку се работи за сообраќајна незгода во која нема повредени лица, веднаш Вие и сите патници излезете од возилото и застанете зад заштитната ограда (доколку се работи за автопат), или на безбедно место доколку се работи за магистрален или за регионален пат.
• Облечете рефлектирачко елече:
• Рефлектирачкото елече треба да биде блиску, на дофат на раката
• Идеално е ако имате резервен елек за сопатник.
• Поставете го триаголникот за безбедност на растојание од најмалку 30 метри од местото на незгодата.
• Триаголникот треба да биде видлив од далечина од 100 метри.

• Доколку се работи за сообраќајна незгода со помала штета и возилата се во возна состојба, пополнете го Европскиот записник за штета кој задолжително мора да го имате во Вашето возило.
• Доколку се работи за сообраќајна незгода со поголема материјална штета и повредени лица, веднаш повикајте сообраќајна полиција на 192 и брза помош на 194 и не се обидувајте сами да ги поместувате повредените, освен во ситуација кога тоа е неопходно и нивното непоместување може да го загрози нивниот живот.

**Во ниеден случај не смеете да ги поместувате возилата кои учествувале во сообраќајната незгода, ниту да го напуштите местото на случување на сообраќајната незгода, освен во случај на пренесување на повредени лица во здравствена установа.**
• Јавете се во АМСМ Контакт центарот на **196** (од фиксен или од мобилен телефон), кој е достапен 24 часа/365 дена во годината;
• Доколку поседувате iOS или Android базиран мобилен телефон, Контакт Центарот можете да го повикате само со еден допир преку АМСМ мобилната апликација;
• Задолжително при повикот наведете дека сте АМСМ член, за да ги добиете попустите и погодностите, предвидени за АМСМ членовите;

**196**
**+389 2 3181-196**
(од странство)




24/7 **Патувајте БЕЗГРИЖНО!**

• Опишете го најдобро што можете настанатиот проблем или ситуација;
• Наведете ја приближно точната локација каде се наоѓате;
• Во најкус можен рок на бараната локација ќе пристигне **АМСМ шлеп возило**;
• По неговото пристигнување, на увид приложете ги Вашата **АМСМ членска картичка** и **Вашата лична карта**;
• Не заборавајте дека како АМСМ член во случај на дефект услугата шлепување на возилото ја добивате бесплатно до 200 км во двата правци на целата територија на Р. Северна Македонија, додека при сообраќајна незгода, услугата шлепување ја добивате бесплатно неограничено во километри.

# I ОДРЕДБИ ЗА ЧЛЕНСКИ УСЛУГИ, вклучени во членскиот пакет АМСМ CLASSIC

## 1. Бесплатен пренос на возило во случај на дефект до 200 км во двете насоки, сметано од местото на тргнување на шлеп возилото

### 1.1 Опис на услуга

Бесплатен пренос на возило до 200 км во двете насоки во случај на дефект претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ, на територијата на Република Северна Македонија, врз возило со кое управува корисникот на пакетот на АМСМ, или истовремено физички е присутен во возилото при извршувањето на интервенцијата, а притоа возилото е во дефект, односно не може да се движи на сопствен погон.
Бесплатен пренос на возило во случај на дефект е можен доколку вкупната оддалеченост изнесува до 200 км во двете насоки, сметано од местото на тргнување на шлеп возилото.

Во случај оддалеченоста во двете насоки да надминува 200 км, на корисникот на услугата ќе му биде наплатено за разликата од 200 км до вкупното растојание, по цена за членови, а во согласност со патната карта на АМСМ (изготвена од страна на ТРИМАКС) или GPS-системот, вграден во камионот.

**Дополнителни трошоци на товар на корисникот на пакетите:**

а) доколку вкупната маса на возилото надминува 3,5 тона

б) трошоци за патарина.

### 1.2 Број на бесплатни интервенции

Корисникот на услугата има право на **еднократен бесплатен пренос на возило** во случај на дефект на територијата на Република Северна Македонија во времетраење од еден членски период, кој изнесува 12 месеци.

## 2. Бесплатен пренос на оштетено возило во сообраќајна незгода - неограничено во километри

### 2.1 Опис на услугата

Оваа услуга опфаќа:

а) Бесплатен пренос на оштетено возило во сообраќајна незгода или
б) Бесплатен пренос на оштетена камп-приколка во случај на сообраќајна незгода или
в) Бесплатен пренос на возило/или на камп-приколка, пријавени пред надлежен орган дека е предмет на кражба.

**а) Пренос на оштетено возило во сообраќајна незгода**

Бесплатен пренос на оштетено возило во случај на сообраќајна незгода претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ, на територијата на Република Северна Македонија, врз возило со кое управува корисникот на пакетот на АМСМ, или истовремено физички е присутен во возилото при извршувањето на интевенцијата.

**Пренос на оштетено возило во сообраќајна незгода се извршува:**

- со увид во службен документ издаден од страна на овластен орган, што го потврдува настанот, односно сообраќајната незгода, или
- врз основа на записник прифатен од АМСМ, кој е потпишан од страна на договорениот партнер на АМСМ и членот, или
- со изјава од возачот што го пренесува оштетеното возило
- со увид на европскиот извештај за незгода потпишан од страна на учесниците во сообраќајната незгода.

**б) Бесплатен пренос на оштетена камп-приколка во случај на сообраќајна незгода**

Бесплатен пренос на оштетена камп-приколка во случај на сообраќајна незгода претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ, на територијата на Република Северна Македонија, врз возило чиј составен дел е камп-приколка.
Пренос на оштетена камп-приколка ќе се изврши доколку корисникот на АМСМ членскиот пакет е физички присутен во возилото чиј составен дел е камп-приколката и доколку истата е уредно регистрирана.

**Пренос на оштетена камп-приколка во случај на сообраќајна незгода се извршува:**

• со увид во службен документ издаден од страна на овластен орган, што го потврдува настанот, односно сообраќајната незгода, како и
• врз основа на записник прифатен од АМСМ, што е потпишан од страна на договорен партнер на АМСМ и членот
• со изјава од возачот што го пренесува оштетеното возило
• со увид на европскиот извештај за незгода, потпишан од страна на учесниците во сообраќајната незгода.

**в) Бесплатен пренос на возило пријавено пред надлежен орган дека е предмет на кражба**

Бесплатен пренос на возило и/или на камп-приколка пријавено пред надлежен орган дека е предмет на кражба претставува услуга, што ја извршува договорен партнер на АМСМ, на територијата на Република Северна Македонија.
**Пренос на возило пријавени пред надлежен орган дека се предмет на кражба се извршува:**

• со увид во службен документ издаден од страна на овластен орган, што го потврдува настанот, односно кражбата.

### 2.2 Број на бесплатни интервенции
Корисникот на услугата има право на **еднократен бесплатен пренос на возило** во случај на сообраќајна незгода на територијата на Република Северна Македонија во времетраење од еден членски период, кој изнесува 12 месеци.

## 3. Бесплатен пренос на возило во случај на дефект до 40 км во двете насоки, сметано од местото на тргнување на шлеп возилото за донесено возило во сервис на АМСМ (Скопје, Велес и Кичево)

### 3.1 Опис на услугата
Бесплатен пренос на возило до 40 км во двете насоки во случај на дефект претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ, на територијата на Република Македонија, врз возило со кое управува корисникот на пакетот на АМСМ, или истовремено физички е присутен во возилото при извршувањето на интервенцијата, а притоа возилото е во дефект, односно не може да се движи на сопствен погон .
Бесплатен пренос на возило во случај на дефект е можен доколку вкупната оддалеченост изнесува до 40 км во двете насоки, сметано од местото на тргнување на шлеп возилото и доколку возилото се донесе во АМСМ сервис лоцирани во Скопје, Велес и Кичево.

Дополнителни трошоци на товар на корисникот на пакетите:
**а) доколку вкупната маса на возилото надминува 3,5 тона**
**б) трошоци за патарина.**

### 3.2 Број на бесплатни интервенции

Корисникот на услугата има право на **три** бесплатни интервенции за пренос на возило во случај на дефект на градско подрачје на територијата на Република Северна Македонија во времетраење од еден членски период, кој изнесува 12 месеци.

## 4. Пренос на возило по повластена цена за членови

Пренос на возило по повластена цена за членови претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ, на територијата што е назначена во пакетот, врз возило со кое управува корисникот на пакетот на АМСМ, или истовремено физички е присутен во возилото при извршувањето на интервенцијата, а притоа возилото е во дефект, односно корисникот смета дека оваа услуга му е потребна.

## 5. Бесплатна помош на пат - замена на пневматик, стартување на возило заради испразнет акумулатор, отстранување проблеми со брава, отстранување ситен дефект и дотур на гориво.

### 5.1 Опис на услугата

Помош на пат на возило во дефект претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ, на територијата на Република Северна Македонија, врз возило со кое управува корисникот на пакетот на АМСМ, или истовремено физички е присутен во возилото при извршувањето на интервенцијата, а притоа возилото е во дефект и/или сообраќајна незгода и е неопходна техничка интервенција. Помош на пат се извршува во случај на неочекувани дефектни состојби на возилото и притоа се врши привремено, но не и долгорочно отстранување на дефектот, со цел возилото да биде во возна состојба.

Доколку договорните партнери не се во состојба да го отстранат дефектот на возилото поради тоа што претставува системски дефект, дефект од несоодветно одржување, дефект предизвикан од несоодветни резервни делови и несоодветна стручност од страна на лица и сервиси што го одржуваат возилото, во овие случаи договорните партнери не се обврзани да ја извршат наведената услуга.

### 5.2 Број на бесплатни интервенции

Корисникот на услугата има право на **3 (три) интервенции** на територијата на  Република Северна Македонија во времетраење од еден членски период, кој изнесува 12 месеци.

## 6. Извлекување на возило каде е технички можно

### 6.1 Опис на услугата

Извлекување претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ, на територијата на  Република Северна Македонија, врз возило што излетало од автопат, магистрален или од регионален пат, за што е неопходна специјална техничка интервенција за негово враќање на коловозот.

### 6.2 Број на бесплатни интервенции

Корисникот на услугата има право на **една интервенција** на територијата на  Република Северна Македонија во времетраење од еден членски период, кој изнесува 12 месеци.

## 7. Покривање на патни трошоци до 1000 денари во случај на дефект или на сообраќајна незгода

### 7.1 Опис на услугата

Покривање на патни трошоци до 1000 денари претставува услуга што ја извршува АМСМ, на територијата на Република Северна Македонија, а се извршува исклучително при истовремено користење на услугата „Бесплатен пренос на возило во случај на дефект до 200 км во двете насоки, сметано од местото на тргнување на шлеп возилото“ или „Бесплатен пренос на оштетено возило во сообраќајна незгода - неограничено во километри“.

Патните трошоци се покриваат исклучително за корисникот на пакетот.

Со оваа услуга се признаваат трошоци за:

- редовен автобуски превоз или железнички превоз.

При надоместување на патните трошоци потребно е да се приложат оригинални документи до АМСМ со износот на патниот трошок, како и датумот на неговото извршување.

### 7.2 Број на интервенции

Корисникот на услугата има право на **еден паричен надомест за покривање на патните трошоци** во времетраење од еден членски период, кој изнесува 12 месеци.

## 8. Дополнителни погодности, попусти и сезонски акции во системот на АМСМ организирани за возилата за кои е издадено членство

Дополнителните погодности, попусти и сезонски акции во системот на АМСМ ги опфаќа сите специјални сезонски активности кои во текот на една календарска година АМСМ ќе ги организира за своите членови. Попустите и сезонските акции организирани во системот на АМСМ поврзани со возилото, може да ги користи членот само доколку возилото е регистрирано на негово име.

## 9. „Travel Info Set“ (Информативен комплет за патување)

„Travel Info Set“(Информативен комплет за патување) е обезбеден од страна на АМСМ за членовите на АМСМ што патуваат надвор од Република Северна Македонија, а имаат потреба од соодветни сообраќајни, туринг и картографски информации.
При користење на комплетот за патување потребно е корисникот да ги достави основните податоци за патувањето, вклучувајќи ја крајната дестинација.

„Travel Info Set“ содржи:
- информативен леток со основни податоци за секоја држава поединечно;
- патна карта обезбедена од АМСМ (максимум една карта во текот на валидноста на еден период на членство);
- план за патување (опис на планираната маршрута, со прецизни информации за насоката и за оддалеченоста).

## 10. „Show your Card!“ - Интернационална програма за попусти

„Show your Card! “претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ. Во текот на валидноста на членството корисникот на пакетите може да ги користи специјалните попусти, што АМСМ ги обезбедува заедно со своите договорни партнери. Услугата се остварува со покажување на членската картичка со логото „Show your Card!“.

## 11. АМСМ-партнер - Национална програма за попусти

**„АМСМ-партнер“** претставува услуга што ја извршува договорен партнер на АМСМ. Во текот на валидноста на членството корисникот на пакетите може да ги користи специјалните попусти, што АМСМ ги обезбедува заедно со своите договорни партнери. Оваа услуга е валидна исклучително на територијата на Република Северна Македонија и се остварува со покажување на членската карта на АМСМ и документ за лична идентификација.

## 12. Бесплатно доставување на списанието „АМСМ Клуб Мобилити“ на мејл и контакт адреса.

## 13. Можност за купување кампинг-картичка CCI за попуст во над 1.100 кампови во цела Европа

## II ОПШТИ ОДРЕДБИ[1]

**Член 1**

АМСМ членските пакети наменети за физички лица овозможуваат погодности во Република Северна Македонија и низ Европа, без оглед на тоа дали членот управува со свое или со туѓо моторно возило. Возилото треба да е уредно регистрирано со македонски регистарски таблички и да гласи на физичко лице, односно членството се однесува на зачленетото лице, а не на возилото.
АМСМ членските пакети наменети за физички лица може да се користат и за возила на лизинг, при што АМСМ има право да бара од членот да достави потврда од лизинг компанијата дека членот е корисник на лизингот. Членот има право да ги користи, целосно или делумно, услугите пропишани во соодветниот пакет, по свој избор, во зависност од избраниот пакет.
АМСМ членските пакети наменети за правни лица имаат право да ги користат услугите исклучиво за возилото за кое е издадена членска картичка. Членските права кои произлегуваат од оваа членска категорија се валидни во случај кога возилото е управувано од страна на овластено лице, со патен налог издаден од страна на правен субјект или со полномошно од него.

## Член на АМСМ

**Член 2**

Член на АМСМ може да биде физичко или правно лице.

[1] *Врз основа на одредбите од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010) и член 45 од Статутот на Здружението на граѓани Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје и согласно Правилникот за членски категории и членски права на членовите на АМСМ донесени се следните Општи Одредби*

Физичко лице може да биде член на АМСМ ако е државјанин на РМ или странец со регулиран привремен престој во државата со валидна лична идентификација издадена од овластен орган на РМ, независно од возраста во согласност со Законот за здруженија и фондации и со Статутот на АМСМ. Малолетно лице со наполенти 14 години се зачленува во АМСМ со давање заверена изјава на нотар на неговиот законски застапник за зачленување во АМСМ во согласност со Законот.
Лицата со ограничена деловна способност може да бидат членови на АМСМ со заверена изјава на нотар на законскиот застапник во согласност со Законот.

Физички лица се здобиваат со членство во АМСМ со потпишување пристапница за физички лица.

Правно лице може да биде член на АМСМ доколку ги исполнува следниве услови:
- да е регистрирано во Централниот регистер на РМ за вршење на стопанска дејност согласно Законот за трговски друштва,
- да имаат во сопственост регистрирани моторни возила за вршење на стопанската дејност,
- да користи услуги од АМСМ и од правните лица во системот на АМСМ.

Правни лица се здобиваат со членство во АМСМ со потпишување корпоративен договор и/или пристапница за правни лица.
Член е секое физичко или правно лице што ја платил членарината во АМСМ и ги прифаќа општите одредби и услови на користење на услугите на АМСМ. Членот има право да ги користи, целосно или делумно, услугите пропишани во соодветниот пакет, по свој избор, во зависност од избраниот пакет.

## Времетраење на членството

**Член 3**

Пропишаниот износ на членарина, во зависност од избраниот пакет, важи за период од 12 месеци од денот на потпишувањето на Пристапницата и уплатата на целосниот износ.

## Важност на членските пакети

**Член 4**

Членските пакети важат за патнички моторни возила и лесни комерцијални возила кои не ги надминуваат следниве карактеристики:

1. Вкупна маса до 3,5 тона и
2. Вкупна должина од преден браник до задна осовина 3,5 м

Доколку возилото за кое се бара интервенција не ги исполнува горенаведените услови, АМСМ го задржува правото да не ја изврши бараната интервенција.

**Член 5**

Корисниците на членските пакети наменети за физички лица имаат право да ги користат услугите во зависност од избраниот пакет, без оглед на тоа дали управуваат со свое или со туѓо моторно возило согласно член 1 од Општите Одредби, бидејќи членството се однесува на зачленетото лице, а не на возилото.

Потребно е барател на интервенцијата да биде членот, односно корисникот на еден од пакетите, кој управува со возилото или истовремено е физички присутен во возилото при извршувањето на интервенцијата.
АМСМ има право да побара писмено одобрување од сопственикот на возилото во случај кога со возилото управува друго лице и интервенцијата е по барање на корисник на еден од пакетите на АМСМ. Доколку се утврди дека барателот на интервенцијата нема овластување од сопственикот на возилото, АМСМ не е обврзан да ја изврши интервенцијата.

**Член 6**

Сите членски пакети важат на територијата на  Република Северна Македонија.
Членските пакети „АМСМ Европа Премиум“ и „АМСМ Бизнис Европа Премиум“, освен на територијата на РМ, важат и за државите од континенталниот дел на Европа и за островите кои се во склоп на Европа.
Секоја потреба од помош на пат, пренос на возилото во случај на дефект или на сообраќајна незгода или покривање на патните трошоци, членот треба задолжително да ја пријави во Контакт центарот на телефон 196 (за интервенции во РМ) или на телефон + 389 2 3181 196 (за интервенции надвор од РМ) во рок од 24 часа, во спротивно АМСМ нема да изврши рефундирање на средства и користењето на услугите ќе бидат невалидни.
Во случај на задоцнето извршување на увид од страна на овластено лице на МВР, повикот до **Контакт центарот** може да се направи со задоцнување, при што се вклучува времето потребно за увид на овластените лица и ќе се смета за валиден и во согласност со условите на пакетот. Корисници на пакетите на АМСМ и/или други лица, учесници во незгодата на возилото за кое се бара интервенција, кои претрпеле повреди за што е потребна медицинска нега, не се обврзани да направат повик до корисничката служба во пропишаниот рок од 24 часа, односно нивните барања ќе бидат валидни и по овој период.

## Начин на користење на членските услуги

**Член 7**

Доколку физичко или правно лице првпат се зачленува во АМСМ, или, пак, доколку физичко или правно лице (со постојано членство) има прекин во членството подолго од **30 дена** од денот на истекувањето на членството, следниве членски услуги:
**1. Бесплатен пренос на возило во случај на дефект до 200 км во двете насоки и бесплатно шлепување или помош на пат при дефект на возило до**
**200 евра (сметано од местото на тргнување на шлеп возилото)**
**2. Бесплатен пренос на возило во сообраќајна незгода - неограничено во километри во кој се вклучени и бесплатен пренос на оштетено возило во случај на сообраќајна незгода до 400 евра.**
може да ги користи бесплатно по 7 дена од датумот на зачленувањето.

Доколку физичко или правно лице - член на АМСМ нема направено прекин во членскиот период, бесплатните услуги поврзани со преносот на возилото може веднаш да ги користи.

Сите останати услуги наведени во членскиот пакет може да се користат веднаш по зачленувањето.

**Член 8**

Дополнителни погодности, попусти и сезонски акции организирани во системот на АМСМ кои се однесуваат за моторни патнички возила или за лесни комерцијални возила - може да ги користи исклучиво носителот на членскиот пакет само доколку возилото е регистрирано на негово име.

## Дефект на возило

**Член 9**

Дефект на возило е состојба кога ќе се утврди дека возилото е технички неисправно и може да ги загрози или да ги попречи другите учесници во сообраќајот, при што возилото не е во возна состојба. Како дефект на возило не се сметаат системските откажувања на одредени делови на возилото или дефектите што произлегуваат од несоодветно одржување.

## Сообраќајна незгода

**Член 10**

Сообраќајна незгода претставува состојба кога едно возило учествува во судир со друго возило, судир со животно на патот, налетување на подвижен или на фиксен објект, излетување од патот, превртување на возилото и како последица на наведеното, возилото е во имобилизирана состојба и не е во можност да го продолжи патувањето.
Единствен доказ за сообраќајна незгода претставува службениот документ издаден од страна на овластен орган или европскиот записник за сообраќајни незгоди

## Кражба

**Член 11**

Кражба на возилото претставува противправно одземање на овластеното возило. Единствен доказ за кражба на возилото претставува службен документ издаден од страна на овластен орган.

## Виша сила

**Член 12**

АМСМ има право да не изврши интервенција и нема одговорност во случај на виша сила, во воена или во вонредна состојба.

## Договорен партнер на АМСМ

**Член 13**

Договорен партнер на АМСМ претставува правно лице што ги исполнува стандардите за квалитет пропишани од страна на АМСМ и со кое АМСМ склучува договор за извршување на одредени услуги, со цел да им обезбеди на корисниците на пакетите на АМСМ квалитетна и соодветна услуга, што ја извршува договорниот партнер.
АМСМ е должен да врши редовна контрола врз квалитетот на услугите на договорниот партнер, односно давателот на услуги.

# ДОГОВОРНИ ПАРТНЕРИ СЕ:

24/7
196
+389 2 3181-196
(од странство)

## Договорен партнер за помош на пат:

- АМСМ УСЛУГИ СПИ НА ПАТ ДОО Скопје
- АМД-членки на АМСМ
- Трговец-поединец или правно лице, кое во согласност со Законот е регистрирано да ја врши оваа дејност и со кое АМСМ има склучено договор за деловна соработка.




## Договорен партнер за програмата Show your Card! (SyC)

- Трговец-поединец или правно лице со кое АМСМ има склучено договор за деловна соработка.

АМСМ
Партнер
попуст за членови

## Договорен партнер за програмата „АМСМ партнер“

- Трговец-поединец или правно лице, со кое АМСМ има склучено договор за деловна соработка на територијата на Република Северна Македонија.


СЕМЕЈНА
КАРТИЧКА

## СЕМЕЈНО ЧЛЕНСТВО

Корисник на АМСМ Classic дополнителна картичка може да биде само член на потесното семејство на членот – корисник на основниот АМСМ Classic членски пакет.
Под терминот потесно семејство се подразбира маж (татко), жена (мајка) и деца до 26 години кои живеат под ист покрив и се водат на иста адреса во лична карта, или партнери кои живеат на иста адреса.
Дополнителни АМСМ Classic картички може да се издадат максимум за 4 (четири) члена на потесното семејство на носителот на основниот АМСМ Classic членски пакет.

Корисникот на АМСМ Classic дополнителната картичка е член на АМСМ и има право да ги користи сите услуги кои произлегуваат од основниот АМСМ Classic членски пакет наведени во член 14 во Правилникот за членски пакети на АМСМ. Кога корисник на дополнителна картичка користи услуга од пакетот услуги истата услуга се евидентира како искористена во основниот АМСМ Classic членски пакет.

### Времетраење на АМСМ Classic дополнителната картичка

Времетраењето на Classic дополнителната картичка е еднаква со времетраењето на основната АМСМ Classic картичка, односно дополнителната картичка истекува на ист датум кога истекува и основниот АМСМ Classic членски пакет. Дополнителна картичка може да се извади само во период кога основната АМСМ Classic картичка е активна (валидна).

## АМСМ-БАЗИ - ПОМОШ НА ПАТ

АМСМ Помош на пат - база **Битола**

АМСМ Помош на пат - база **Велес**

АМСМ Помош на пат - база **Виница**

АМСМ Помош на пат - база **Гевгелија**

АМСМ Помош на пат - база **Гостивар**

АМСМ Помош на пат - база **Демир Капија**

АМСМ Помош на пат - база **Кичево**

АМСМ Помош на пат - база **Охрид**

АМСМ Помош на пат - база **Скопје**

АМСМ Помош на пат - база **Струга**

АМСМ Помош на пат - база **Тетово**

АМСМ Помош на пат - база **Прилеп**

АМСМ Помош на пат - база **Куманово**






# СТАНИ ЧЛЕН

# ONLINE

www.amsm.mk



# Зачленете пријател и **добијте ваучер!**

**ДОБИВАТЕ ВРЕДНОСЕН ВАУЧЕР НА ИЗНОС ОД:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EUROPE PREMIUM** ЧЛЕНСТВО | › |  | **600,00ден.** |
| **CLASSIC** ЧЛЕНСТВО | › |  | **250,00ден.** |
| **LIGHT** ЧЛЕНСТВО | › |  | **100,00ден.** |

| Повикајте | за Р. Македонија | за Европа |
|---|---|---|
| Помош на пат | 196 | +389 2 3181-196 |
| Состојба на патишта | (02) 15 555 | +389 2 3181-197 |
| АМСМ Инфо линија | (02) 3181 181 | +389 2 3181-181 |
| Сектор Членство | (02) 3181 108 | |

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ ______________________________

ДАТУМ ______________________________

М.П.

www.amsm.mk clenstvo@amsm.com.mk

MEMBER OF

ISO 9001:2015